Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
University “St. Kliment Ohridski” – Bitola
FACULTY OF BIOTECHNICAL SCIENCES - BITOLA

Partizanska bb, P.O. Box 53, Bitola, 7000, R. North Macedonia, Tel: +389 (0)47 238 276, Fax: +389 (0)47 226 220, web: www.fbn.uklo.edu.mk

Бр.02-949/24
28.10.2019 год.
Битола

Врз основа на член 110, став 1, точка 21 од Законот за високото образование, а по Барање на студенти од прв циклус студии со бр.09-946/1 од 28.10.2019 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на седницата одржана на ден 28.10.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
за одобрување на вонредна ноемвриска испитна сесија за студентите запишани на прв циклус студии

1.Се одобрува вонредна ноемвриска испитна сесија за студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки-Битола, за академската 2019/2020 година.

2.На оние студенти кои го немаат обновено уписот за академска 2019/2020 година службата за студентски прашања на Факултетот нема да им дозволи пријавување на испити.

3.Студентите при пријавувањето на испитите должни се да уплатат по 700,00 денари (400 ден. за полагање во вонредна испитна сесија и 300 ден. за полагање по два или повеќе пати) за секој пријавен испит, на жиро сметка на Факултетот (1600108397 788 15).Повикувачки број: 723012 42.Банка на примачот НБРМ 1000000000630 95 (со дознака: за полагање на испит).

4.Пријавувањето на испити ќе се врши кај советникот по студентски прашања на Факултетот и по електронски пат од 18.11 до 23.11. 2019 година.

5.Вонредната ноемвриска испитна сесија ќе биде во период од 25.11 до 13.12.2019 година.

6.За ненавремено пријавување на испити после утврдениот рок, студентите се должни да уплатат по 400 денари, за секој пријавен испит, на горе споменатата ж.сметка на Факултетот.

7.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Гордана Димитровска

Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Факултет за биотехнички науки, Битола

Доставено до:
Службата за студентски прашања
и архивата